# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 24/2019 | Пробиштип 03.06.2019 година | Излегува по потреба


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.24 одржана на ден 30.05.2019 година и други акти, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка бр. 26-517/3,
2. Решение за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог на актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка и предлог – договор за остварување на меѓуопштинска соработка меѓу општините: Штип, Карбинци, Кочани, Виница, Берово, Делчево, Македонска Каменица, Чешиново-Облешево, Зрновци, Пехчево, Пробиштип, Крива Паланка, Ранковци, Кратово, Липково, Старо Нагоричане, Свети Николе и Куманово бр. 26-396/4,
3. Одлука за за отпочнување со работа и вршење на дејноста на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Гоце Делчев “ во Пробиштип, Општина Пробиштип, во новиот објектот „Детелинка” лоциран на ул. Велко Влаховиќ б.б. во Пробиштип, Општина Пробиштип, во состав на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Гоце Делчев“ во Пробиштип, општина Пробиштип бр. 26-396/5,
4. Одлука За давање на користење, одржување и управување на објектот, на Јавната општинска установа за деца – детска градинка „Гоце Делчев“ во Пробиштип, Општина Пробиштип бр. 26-396/6,
5. Одлука за изменување на Одлуката за кофинансирање на Општина Пробиштип во Проектот „Изградба на регионален туристичко-научен музеј на ретки минерали” бр. 26-396/7,
6. Согласност на Одлука за измена на Статут на ЈКП Никола Карев Пробиштип бр. 26-396/8,
7. Програма за дополнување на програмата за одбележување на празници, манифестации и настани во Општина Пробиштип за 2019 година бр. 26-396/9,
8. Програма за дополнување на програмата за спортските друштва во Општина Пробиштип и активностите на општината во спортот за 2019 година бр. 26-396/10,
9. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2019 година бр. 26-396/11,

10. Програма за изменување и дополнување на програмата за изградба и одржување на општински патишта и улици за 2019 година бр. 26-396/12,
11. Заклучок по барање од МЗ с. Ратавици бр. 26-396/13-1
12. Заклучок по барање од МЗ с. Стрмош бр. 26-396/13-2
13. Заклучок по барање од МЗ с. Злетово бр. 26-396/13-3
14. Заклучок по барање од Иницијативен одбор на Манастирот Успение на пресвета Богородица-Три Кладнеци бр. 26-396/13-4
15. Заклучок по барање од Зоран Зафиров од с.Стрмош бр. 26-396/13-5
16. Заклучок по барање од Светлана Стојанова од Пробиштип бр. 26-396/13-6
17. Заклучок по барање од Новица Алексиќ од с. Добрево бр. 26-396/13-7
18. Заклучок по барање од Ангеловска Душка од Пробиштип бр. 26-396/13-8
19. Заклучок по барање од Роза Јачева од С.Добрево бр. 26-396/13-9
20. Заклучок по барање од Светлана Николова од Пробиштип бр. 26-396/13-10
21. Заклучок по барање од Лозена Миланова од с. Добрево бр. 26-396/13-11
22. Заклучок по барање од Јордан Петров од Пробиштип бр. 26-396/13-12
23. Заклучок по барање од Јаворка Митева од Пробиштип бр. 26-396/13-13
24. Заклучок по барање од Владимир Ристовски од с. Трооло бр. 26-396/13-14
25. Заклучок по барање од Стојне Саздовски од с. Стрмош бр. 26-396/13-15
26. Заклучок по барање од Злате Петровски од с. Злетово бр. 26-396/13-16
27. Заклучок по барање од Иљо Тодосов од с. Злетово бр. 26-396/13-17
28. Заклучок по барање од Црковен одбор при Манастирот Св. Илија Калниште бр. 26-396/13-18
29. Заклучок по барање од Ангела Милева од Пробиштип бр. 26-396/13-19
30. Заклучок по барање од Зора Денчевска од Пробиштип бр. 26-396/13-20

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/15 ОПШТИНА ПРОБИШТИП
31.05.2019 година ГРАДОНАЧАЛНИК,
Пробиштип Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 7 став (1) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ", бр. 79/09), член 14 и 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ", бр. 05/02) и член 21 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Пробиштип („Службен Гласник на Општина Пробиштип" бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на Општина Пробиштип на 24 седница, оддржана на ден 30.05.2019 година, донесе:

## О Д Л У К А

## за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка

### Член 1

Се прифаќа Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, поднесен од Градоначалникот на општина Куманово, бр.08-2751 од 17.04.2019 година и утврден со Одлука на Советот на општина Куманово, бр. 09-2753/3 од 24.04.2019 година, за основање на заедничко јавно претпријатие со општините: Штип, Карбинци, Кочани, Виница, Берово, Делчево, Македонска Каменица, Чешиново-Облешево, Зрновци, Пехчево, Крива Паланка, Ранковци, Кратово, Липково, Старо Нагоричане, Свети Николе и Куманово.

Член 2

Ова Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-517/3
30.05.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ бр.79/09), Советот на Општина Пробиштип на седницата Бр. 24 одржана на ден 30.05.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог-актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка и предлог – договор за остварување на меѓуопштинска соработка меѓу општините: Штип, Карбинци, Кочани, Виница, Берово, Делчево, Македонска Каменица, Чешиново-Облешево, Зрновци, Пехчево, Пробиштип, Крива Паланка, Ранковци, Кратово, Липково, Старо Нагоричане, Свети Николе и Куманово за основање на заедничко јавно претпријатие.**

1. За членови на заедничката комисија за подготовка на предлог-актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка и предлог – договор за остварување на меѓуопштинска соработка меѓу општините: Штип, Карбинци, Кочани, Виница, Берово, Делчево, Македонска Каменица, Чешиново-Облешево, Зрновци, Пехчево, Пробиштип, Крива Паланка, Ранковци, Кратово, Липково, Старо Нагоричане, Свети Николе и Куманово за основање на заедничко јавно претпријатие, се именуваат:

- Живка Михајлова од Општина Пробиштип

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/4
30.05.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ бр.05/02"), член 21 став 1 точка 11 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), а во врска со член 102-а став 3 од Законот за заштита на децата („Службен Весник на РМ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18и 198/18"), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2019 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за отпочнување со работа и вршење на дејноста на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Гоце Делчев " во Пробиштип, Општина Пробиштип, во новиот објектот „Детелинка" лоциран на ул. Велко Влаховиќ б.б. во Пробиштип, Општина Пробиштип, во состав на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Гоце Делчев" во Пробиштип, општина Пробиштип.**

Член 1

Одлуката се донесува за отпочнување со работа и за вршење на дејноста на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Гоце Делчев" во Пробиштип, општина Пробиштип, во новиот објектот „Детелинка" лоциран на ул. Велко Влаховиќ б.б. во Пробиштип, општина Пробиштип, во состав на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Гоце Делчев" во Пробиштип, Општина Пробиштип.

Член 2

Во објекот ќе се спроведува програма за рано учење и развој. Според времетраењето програмата ќе се остварува во целодневен престој на децата.

Згрижувањето и воспитанието на децата ќе се реализира во 2 групи од 2 до 6 годишна возраст, односно до вклучување во основно образование, за 40 деца.

Член 3

Назив на објектоте е „Детелинка" и се наоѓа во Пробиштип, Општина Пробиштип

Член 4

Дејноста на детската градинка е: Згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст која се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитно-образовни, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до 6 години живот, односно до вклучување во основното образование.

Член 5

За реализација на програмата за рано учење и развој ќе се обезбеди кадар согласно Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца („Службен весник на РМ бр. .28/14, 40/14, 136/14, 71/15, 170/16 и 151/18").

Член 6

Средствата за непречено и нормално функционирање, односно за вршење на дејноста на објектот ќе се обезбедат од буџетот на Општина Пробиштип, од Буџетот на Република Македонија преку блок дотации, од надоместокот на корисниците на услугата, донации и други извори на финансирање согласно закон.

Член 7

Средства за основање и почеток со работа на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Гоце Делчев" во Пробиштип, Општина Пробиштип за новиот објект„Детелинка", ќе ги обезбеди основачот.

Член 8

Општина Пробиштип како основач на ЈОУДГ „Гоце Делчев" ќе ги преземе сите потребни активности утврдени во законските и подзаконските акти, со цел добивање на решение од Министерството за труд и социјална политика за отпочнување со работа на објектот.

Член 9

Директорот на ЈОУДГ „Гоце Делчев" Општина Пробиштип се обврзува да ги преземе сите потребни активности, согласно законските и подзаконските акти, со цел усогласување на актите на градинката, поради отпочнување со работа на новиот објект.

Член 10

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општината Пробиштип.

Број 26-396/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.05.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002 ) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на Општина Пробиштип на одржаната седница на ден 30.05.2019 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За давање на користење, одржување и управување на објектот, на Јавната општинска установа за деца – детска градинка „Гоце Делчев" во Пробиштип, Општина Пробиштип**

**Член 1**

Со оваа одлука се уредува давањето на користење, одржување и управување на објектот на Јавната општинска установа за деца – детска градинка „Гоце Делчев", во Пробиштип, Општина Пробиштип, како и други прашања во врска со функционирањето на истиот .

**Член 2**

Објектот е изграден со средства од Буџетот на Министерството за труд и социјална политика Скопје.

**Член 3**

Објектот ќе го користи, одржува и управува Јавната општинска установа за деца – детска градинка „Гоце Делчев", во Пробиштип, Општина Пробиштип.

Јавната општинска установа за деца – детска градинка „Гоце Делчев", во Пробиштип, Општина Пробиштип е должна при користењето, одржувањето и управувањето со објектот да постапува согласно законските прописи.

**Член 4**

Јавната општинска установа за деца – детска градинка „Гоце Делчев" во Пробиштип, Општина Пробиштип, не може објектот да го дава под закуп и на користење на друго физичко или правно лице и да го става под хипотека.

**Член 5**

Директорот на Јавната општинска установа за деца – детска градинка „Гоце Делчев", во Пробиштип, Општина Пробиштип се обврзува да ги преземе сите потребни активности согласно законските прописи со цел отпочнување со работа на објектот

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето Службен гласник на Општина Пробиииштип.

Број 26-396/6 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.05.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на општина Пробиштип, на Седницата одржана на ден 30.05.2019 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**За изменување на Одлуката за кофинансирање на Општина Пробиштип во Проектот „Изградба на регионален туристичко-научен музеј на ретки минерали"**

Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување на Одлуката за кофинансирање на Општина Пробиштип во Проектот „Изградба на регионален туристичко-научен музеј на ретки минерали" бр. 26-1032/25 од 30.11.2018 година (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.17/2018), и тоа:

Членот 3 став 2 се менува и гласи: „ Општина Пробиштип ќе обезбеди финансиски средства од Буџетот на Општина Пробиштип за кофинансирање на проектот во висина од 38,94% од вкупната вредност на проектот. "

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осум дена од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/7<br>30.05.2019 година<br>Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП<br>ПРЕТСЕДАТЕЛ,<br>Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 11, став 1, точка 1 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015 и 39/2016) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2019 година, расправајќи по Одлуката за измена на Статутот на ЈКП „Никола Карев" од Пробиштип, бр.02-308/1 од 18.042019 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**

**за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ЈКП „Никола Карев" од Пробиштип**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за измена на Статутот на ЈКП „Никола Карев" од Пробиштип.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката за измена на Статутот на ЈКП „Никола Карев" од Пробиштип, усвоена од Управниот одбор на јавното претпријатие бр.02-308/1 од 18.04.2019 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/8<br>30.05.2019 година<br>Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП<br>ПРЕТСЕДАТЕЛ,<br>Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став1 точка1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002) и член 21 став1 точка 11, а во врска со член 15, став 1, точка 5 од Статутот на општина Пробиштип ( Сл. Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2019 година ја усвои следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРАЗНИЦИ, МАНИФЕСТАЦИИ И НАСТАНИ ВО ОПШТИНА ПРОБИШТИП ЗА 2019 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа програма се менува Програма за одбележување на празници, манифестации и настани во општина Пробиштип за 2019 година, број 26-1032/10, од 30.11.2018 година и тоа:

Во точката 7, „Пробиштипски маскенбал“ износот од 100.000,00 се зголемува за 50.000,00 денари или вкупно во точка 7 ќе стои 150.000,00 денари.

Точка 18, „28 Август“ износот од 1.000.000,00 денари се надополнува со 70.000,00 денари или вкупно 1.070.000,00 денари.

Со ова дополнување вкупниот износ предвиден од Буџетот на Општина Пробиштип од 2.296.000,00 денари се зголемува вкупно за 120.000,00 денари или 2.416.000,00 денари.

**Член 2.**

Програмата за дополнување на Програмата влегува во сила 8 дена од објавување во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/9 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.05.2019 година — ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип — Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став1 точка1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002) и член 21 став1 точка 11, а во врска со член 15, став 1, точка 5 од Статутот на општина ( Сл. Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2019 година ја усвои следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИ НА СПОРТСКИТЕ ДРУШТВА ВО ОПШТИНА ПРОБИШТИП И ЗА АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНАТА ВО СПОРТОТ ЗА 2019 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа програма се менува Програма за спроведување на активностина спортските друштва во општина Пробиштип и за активностите на општината во спортот за 2019 година број 26-1032/12 од 30.11.2018 година, со што во рамки на предвидените активности се надополнуваат и тоа:

Точката 1 КК „Пробаскет“, каде предвидените средства во износ од 50.000,00 се надополнуваат со уште 30.000,00 денари или сега во точка 1 ќе стои 80.000,00 денари.

Точката 2 ОК „Весна Пробиштип“ се надополнува со 100.000,00 денари, па така наместо 100.000,00 во точка 2 ќе стои 200.000,00 денари.

Точката 3 РК „Весна Акумулатори“ се надополнува со 70.000,00 денари, каде што наместо 100.000,00 во точка 3 ќе стои 170.000,00 денари.

Со ова Програмата за спроведување на активностина спортските друштва во општина Пробиштип и за активностите на општината во спортот за 2019 година се зголемува од досегашните 1.377.300,00 денари на 1.577.300,00 денари од буџетот на Општина Пробиштип.

**Член 2.**

Програмата за изменување на програмата влегува во сила 8 дена од објавување во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/10
30.05.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 5/2002) а во врска со член 34 од Законот за буџети (Службен Весник на Република Македонија бр. 64/2005; 4/2008; 103/2008; 156/2009; 95/2010; 180/2011; 171/2012; 192/2015 и 167/2016) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2019 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**За измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2019 година**

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2019 година, на следниот начин:

| Потпрограма<br>Потставка | Буџет | Самофин. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| A00 СОВЕТ НА ОПШТИНА | | | | | |
| 426210 Расходи за репрезентација | - 10.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426990 Други оперативни расходи | -110.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| D00 ГРАДОНАЧАЛНИК | | | | | |
| 426210 Расходи за репрезентација | - 80.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426990 Други оперативни расходи | -120.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| К40 КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО | | | | | |
| 464990 Дрги трансфери | 120.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| L00 СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА | | | | | |
| 463120 Трансфери до спорт.клубови | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип и станува составен дел на Буџетот на Општина Пробиштип за 2018 година.

Број 26-396/11
30.05.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка1 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр 5/2002) и член 21, став1, точка 12 од Статутот на општина Пробиштип ( Сл. Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2019 година ја усвои следната:

**ПРОГРАМА**

**За изменување и дополнување на Проградама за изградба и одржување на општински патишта и улици за 2019 година**

Со оваа програма се врши изменување и дополнување на Програмата за одржување на општински патишта и улици за 2019 година бр.26-1032/4 од 30.11.2018 и тоа:

Подпрограма Јд Изградба и реконструкција на општински патишта и улици

- Во точката 5 ,,Реконструкција на улица 3-ти Април,, сумата од 660 000 денари од графата буџет се заменува со 0 денари.

- Предвидената активност под р.бр..8 ,,Изградба на улица во населба Пробиштип со бехатон,, се заменува со ,,Поплочување на тротоари со бехатон плочки на дел од улицата Јордан Стојанов на потегот од улицата Партизанска до улицата Нада Михајлова,, . Предвидената сума од 460 000 денари се зголемува на 580 000 денари.

- Предвидената активност под р.бр.11 ,,Изградба на улици во нм Плешенци со л=520м,, се заменува со ,,Реконструкција на дел од улицата Димитар Влахов на потегот од спојот со улицата Кочо Рацин до спојот со улицата Македонски Револуционери со должина од 330м,, , а место предвидените 1 500 000 денари од Буџет ќе стои сума од 3 290 000 денари .

- Предвидената активност под р.бр. 12 ,,Изградба на улици во н.м. Долни Стубол,, се брише .

- Во точката 13 која ќе биде точка 12 ,,Уредување на градски пазар со паркинг и пристапна улица,, во графата буџет место 0 денари ќе стои 250 000 денари.

- Точката 14 станува точка 13.

Вкупната сума од графата буџет и донација останува непроменета.

Програма за изменување и дополнување на Програмата за изградба и одржување на општински патишта и улици за 2019 година стапува во сила со донесувањето а ќе се објави во Слубен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/12
30.05.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2019 година, расправајќи по барањето бр. 26-502/1 од 17.05.2019 година од Месна Заедница село Ратавици а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Месна Заедница село Ратавици бр. 26-502/1 од 17.05.2019 година за одобрување на средства за поставување на ѕвоно на камбанарија во село Ратавици во висина од 180.000 денари се разгледа.
2. Согласно Правилникот за условите, критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош по барања поднесени до општина Пробиштип, барањето не ги исполнува условите. Доколку има друг начин на обезбедување на средства од Буџетот на Општината во облик на спонзорства и донаци, да се разгледа можноста.
3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип

Број 26-396/13-1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.05.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2019 година, расправајќи по барањето од Месна заедница село Стрмош бр. 26-514/1 од 20.05.2019 а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***ЗАКЛУЧОК***

1. Барањето од Месна заедница село Стрмош бр. 26-514/1 од 20.05.2019 година за одобрување на средства за поставување на ѕвоно на за одобрување на градежни материјали за изградба на црквата „ Свето воскресение Христово,, (Спасовден) се разгледа.
2. Барањето ќе се има во предвид при распишување на тендер за набавка на материјали за потребите на општината.
3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/13-2 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.05.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2019 година, расправајќи по барањето од Месна Заедница село Злетово бр. 26-26/1 од 09.01.2019 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***ЗАКЛУЧОК***

1. Барањето од Месна Заедница село Злетово бр. 26-26/1 од 09.01.2019 година за вработување на лице кое ќе работи во канцеларија во Злетово и за автобуски линиски превоз , се разгледа.

2. Советот на Општина Пробиштип веќе има донесено заклучок дека ќе се отвори канцеларија на Општина Пробиштип во Злетово, а за општинскиот линиски превоз ќе се разговара со превозниците за пуштање на линиски превоз за Злетово.
3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/13-3 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.05.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2019 година, расправајќи по барањето од Иницијативниот одбор на Манастирот Успение на пресвета Богородица Три кладенци село Стубол и Барбарево бр.26-500/1 од 16.05.2019 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Иницијативниот одбор на Манастирот Успение на пресвета Богородица Три кладенци село Стубол и Барбарево бр.26-500/1 од 16.05.2019 година за одобрување на градежни материјали за изградба на кујна и пропратни објекти во манастирот „Успение на пресвета Богородица-Три Кладенци,, се разгледа.
2. Барањето ќе се има во предвид при распишување на тендер за набавка на материјали за потребите на општината.
3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/13-4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.05.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2019 година, расправајќи по барањето од Зоран Зафиров од село Стрмош бр. 26-451/1 од 10.05.2019 година, а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Зоран Зафиров од село Стрмош бр. 26-451/1 од 10.05.2019 година за одобрување на еднократна парична помош за одобрување на финансиска помош поради нарушено здравје и лоша финансиска состојба се прифаќа и се одобруват 3.000 денари за лекување на лице со тешка болест
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/13-5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.05.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2019 година, расправајќи по барањето од Стојанова Светлана ул. Јаким Стојковски бр.100 Пробиштип бр.26-278/1 од 04.03.2019 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***ЗАКЛУЧОК***

1. Барањето од Стојанова Светлана ул. Јаким Стојковски бр.100 Пробиштип бр.26-278/1 од 04.03.2019 година за одобрување на финансиска помош за набавка на лекарства од странство за лекување на дете се прифаќа и се одобруват 15.000 денари за лекување на дете од тешка болест.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/13-6 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.05.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2019 година, расправајќи по барањето Новица Алексиќ ул.3-ти Април село Добрево, бр. 26-449/1 од 09.05.2019 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***ЗАКЛУЧОК***

1. Барањето од Новица Алексиќ ул.3-ти Април село Добрево, бр. 26-449/1 од 09.05.2019 година за одобрување на финансиска помош за лекување се прифаќа и се одобруват 2.000 денари за лекување на лице со тешка болест.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/13-7 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.05.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2019 година, расправајќи по барањето од Ангеловска Душка ул.Илинденска бр.35 Пробиштип, бр. 26-416/1 од 22.04.2019 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот

***ЗАКЛУЧОК***

1. Барањето од Ангеловска Душка ул.Илинденска бр.35 Пробиштип, бр. 26-416/1 од 22.04.2019 година за одобрување на финансиска помош за лекување се прифаќа и се одобруват 3.000 денари за лекување на лице со тешка болест.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/13-8
30.05.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2019 година, расправајќи по барањето Роза Јачева од село Добрево, бр. 26-412/1 од 22.04.2019 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***ЗАКЛУЧОК***

1. Барањето од Роза Јачева од село Добрево, бр. 26-412/1 од 22.04.2019 година финансиска помош за плаќање на комунални сметки поради лоша материјална и финансиска состојба се прифаќа и се одобруват 3.000 денари како лице изложено на социјален ризик.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/13-9
30.05.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с,р,

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2019 година, расправајќи по барањето Николова Светлана ул.4-та бр.26 Пробиштип, бр. 26-373/1 од 12.04.2019 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***ЗАКЛУЧОК***

1. Барањето од Николова Светлана ул.4-та бр.26 Пробиштип, бр. 26-373/1 од 12.04.2019 година за одобрување на финансиска помош за лекување се прифаќа и се одобруват 5.000 денари за лекување на лице со тешка болест.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/13-10
30.05.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2019 година, расправајќи по барањето Миланова Лозена ул.Илија Кузманов бр.53 село Добрево, бр. 26-416/1 од 22.04.2019 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Миланова Лозена ул.Илија Кузманов бр.53 село Добрево, бр. 26-416/1 од 22.04.2019 година за одобрување на финансиска помош за лекување се прифаќа и се одобруват 5.000 денари за лекување на лице со тешка болест.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/13-11
30.05.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2019 година, расправајќи по барањето од Јордан Петров ул.Велко Влаховиќ бр.1/8 Пробиштип, бр. 26-287/1 од 06.03.2019 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Јордан Петров ул.Велко Влаховиќ бр.1/8 Пробиштип, бр. 26-287/1 од 06.03.2019 година за одобрување на финансиска помош за лекување се прифаќа и се одобруват 3.000 денари за лекување на лице со тешка болест.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/13-12
30.05.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2019 година, расправајќи по барањето од Јаворка Митева ул.Македонски револуционери бр.206 Пробиштип, бр. 26-197/1 од 13.02.2019 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

### *З А К Л У Ч О К*

1. Барањето од Јаворка Митева ул.Македонски револуционери бр.206 Пробиштип, бр. 26-197/1 од 13.02.2019 година за одобрување на финансиска помош за покривање на погребални трошоци за сопруг кој починал во Полска се прифаќа и се одобруват 15.000 денари поради тешка семејна трагедија-смртен случај.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/13-13 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.05.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2019 година, расправајќи по барањето од Ристовски Владимир село Трооло, бр. 26-222/1 од 18.02.2019 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

### *З А К Л У Ч О К*

1. Барањето од Ристовски Владимир село Трооло, бр. 26-222/1 од 18.02.2019 година за одобрување на финансиска помош за покривање на трошоци настанати од пожар на семејна куќа се прифаќа и се одобруват 10.000 денари за покривање на трошоци настанати од елементарна непогода-пожар на семејна куќа.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/13-14 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.05.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2019 година, расправајќи по барањето од Стојне Саздовски од село Стрмош бр. 26-195/1 од 13.02.2019 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

### *З А К Л У Ч О К*

1. Барањето од Стојне Саздовски од село Стрмош бр. 26-195/1 од 13.02.2019 година за одобрување на финансиска помош поради лоша материјална и финансиска состојба, се прифаќа и се одобруват 3.000 денари како финансиска помош на лице изложено на социјален ризик.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/13-15 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.05.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 і 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2019 година, расправајќи по барањето од Злате Петровски ул.Пониква бр.55 Злетово, бр. 26-257/1 од 26.02.2019 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Злате Петровски ул.Пониква бр.55 Злетово, бр. 26-257/1 од 26.02.2019 година за одобрување на финансиска помош поради лоша материјална и финансиска состојба, се прифаќа и се одобруват 3.000 денари како финансиска помош на лице изложено на социјален ризик.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/13-16 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.05.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 і 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2019 година, расправајќи по барањето од Иљо Тодосов ул.Маршал Тито бр.109 Злетово, бр. 26-368/1 од 09.04.2019 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Иљо Тодосов ул.Маршал Тито бр.109 Злетово, бр. 26-368/1 од 09.04.2019 година за одобрување на финансиска помош поради лоша материјална и финансиска состојба, се прифаќа и се одобруват 3.000 денари како финансиска помош на лице изложено на социјален ризик.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/13-17 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.05.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2019 година, расправајќи по барањето бр. 26-541/1 од 28.05.2019 година од Црковен одбор при Манастирот Свети Илија од Калниште а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Црковен одбор при Манастирот Свети Илија од Калниште бр. бр. 26-541/1 од 28.05.2019 година за одобрување на средства за изградба на камбанарија на Манастирот се разгледа.
2. Согласно Правилникот за условите, критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош по барања поднесени до општина Пробиштип, барањето не ги исполнува условите. Доколку има друг начин на обезбедување на средства од Буџетот на Општината во облик на спонзорства и донаци, да се разгледа можноста.
3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/13-18 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.05.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 і 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2019 година, расправајќи по барањето од Ангела Милева ул.Македонски револуционери бр.212 Пробиштип, бр. 26-508/1 од 20.05.2019 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Ангела Милева ул.Македонски револуционери бр.212 Пробиштип, бр. 26-508/1 од 20.05.2019 година за одобрување на финансиска помош за лекување на дете родено со компликации, се прифаќа и се одобруват 10.000 денари како финансиска помош за лекување на дете родено со компликации .
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/13-19 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.05.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 і 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2019 година, расправајќи по барањето од Зора Денчевска ул. Браќа Миладиновци бр.22 Пробиштип, бр. 26-538/1 од 27.05.2019 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето Зора Денчевска ул. Браќа Миладиновци бр.22 Пробиштип, бр. 26-538/1 од 27.05.2019 година за одобрување на финансиска помош поради лоша материјална и финансиска состојба, се прифаќа и се одобруват 10.000 денари како финансиска помош за семејство изложено на социјален ризик.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/13-20
30.05.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.